**Известување за концентрација со која Друштвото за реосигурување Сава, АД, Словенија ќе стекне контрола над НЛБ Вита, друштво за животно осигурување АД, Словенија (предмет бр. 08-18/2020)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14 и 53/16), на ден 22.01.2010 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) доставено е известување за концентрација со која Друштвото за реосигурување Сава, АД со седиште на Дунајска цеста 56, 1000 Љубљана, Словенија ќе стекне контрола над НЛБ Вита, друштво за животно осигурување АД, Љубљана со седиште на Трг Републике 3, 1000, Љубљана, Словенија, по пат на купопродажба на акции.

***Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:***

**Друштвото за реосигурување Сава, АД** е крајно матично друштво на Групацијата Сава Осигурување. Групацијата Сава Осигурување е една од најголемите осигурителни групации во Југоисточна Европа. Друштвото за реосигурување Сава, АД е основана во 1975 година и е присутна во повеќе од 100 осигурителни и реосигурителни пазари ширум светот. Заедно со своите осигурителни и неосигурителни подружници формира една од најголемите осигурителни групации во Југоисточна Европа.

Во Република Северна Македонија Групацијата Сава Осигурување има три поврзани друштва и тоа:

- Сава Осигурување АД Скопје, со седиште на  ул. Загребска бр.28А, 1000 Скопје и дејност: неживотно осигурување
- Сава Пензиско Друштво АД Скопје со седиште на ул. Мајка Тереза бр.1, 1000 Скопје и дејнот: управување со фондови и
- Сава Стејшн ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Загребска бр.28А – локал 002, 1000 Скопје и дејнот: техничко испитување и анализа .

**НЛБ Вита** е најголемото друштво за банкарско осигурување и трето најголемо друштво за животно осигурување кога ќе се земат предвид сите друштва за животно осигурување во Словенија. Дел е од НЛБ Групата на друштва.

Според подносителите  концентрацијата се однесува на пазарот на осигурување, кој потоа е поделен на пазар на: животно осигурување и неживотно осигурување;

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

24.01.2020 година
Скопје